**Влада на Република Северна Македонија**
**Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut**

Скопје/Shkup, 26 октомври 2021 година/viti
Бр./Nr.: 40-10666/1

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

С К О П Ј Е

Во прилог за извршување ви се доставува Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, донесено од Владата на Република Северна Македонија, под бр.40-10666/1 од 26 октомври 2021 година.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

SEKRETARI I PËRGJITHSHËM I QEVERISË SË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

**Мухамед Зекири/Muhamed Zeqiri**

ПРИЛОГ: 1

ДОСТАВЕНО И ДО:
-Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија – ИТ сектор

Подготвил: Љупчо Петковски
Контролирал: Зоран Брњарчевски / м-р Биљана Цоневска
Согласен: Љубица Р. Димовска / Снежана М. Пендовски
Одобрил: Дејан Јакимовски



Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија

Sekretariati i Përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија

Bul. „Ilinden" nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 31/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 26 октомври 2021 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за утврдување на категорија на угостителски објект**

1. Со ова решение се утврдува дека угостителскиот објект ХОТЕЛ ОЛД СИТИ со седиште на ул. 191 бр. 2А, Скопје, ги исполнува условите за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди, со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.
3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб страната на Владата на Република Северна Македонија.

**Образложение**

АЕН МЕН КОЛЕКШН ДООЕЛ СКОПЈЕ со седиште на ул. Битпазарска бр. 14 Скопје поднесе барање бр. УП1-13-1096 од 07.09.2021 година, за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект ХОТЕЛ ОЛД СИТИ со седиште на ул. 191 бр. 2А Скопје, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителските објекти, постапувајќи по Барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр. УП1-13-1096 од 23.09.2021 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди, пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за сместување за вршење на угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20). Владата на Република Северна Македонија на предлог на комисијата за категоризација на угостителските објекти за сместување донесува решение за утврдување на категорија на угостителските објекти за сместување.

Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект за сместување се издава со важност од три години од денот на издавањето.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Бр. 40-10666/1**
**26 октомври 2021 година**
**Скопје**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**dr. Artan Grubi**